Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/, а во врска со член 43 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 10.06.2005 година, донесе

# СТАТУТАРНА ОДЛУКА

За измени и дополнување на Статутот на општина Демир Хисар

Член 1

Членот 2 се менува и гласи:

(1) Општината има свое подрачје и име утврдени со закон.

(2) Подрачјето на општина Демир Хисар го сочинуваат подрачјето на градот Демир Хисар и селата: Бабино, Базерник, Бараково, Белче, Боиште, Брезово, Вардино, Велмевци, Вирово, Големо Илино, Граиште, Доленци, Единаковци, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кочиште, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Ново Село, Обедник, Прибилци, Радово, Ракитница, Растојца, Света, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суво Грло, Суводол, Утово и Церово".

Член 2

Во членот 15 став 1 по точката (2) се става точка (3) која гласи "Локален економски развој, во смисла на планирања на локалниот економски развој, утврдување на развојни и структурни приоритети, водење на локална економска политика, подршка на развој на мали и средни претпријатија и на претприемништво на локално ниво и во тој контекс учество во воспоставување и развој на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство.

Понатаму точките од 4-12 се зголемуваат за еден број.

Член 3

Во членот 41 во точката (4) после зборот став наместо (2) се става (3).

Член 4

Во членот 46 после став 1 се додава став 2 кој гласи: "Комисиите се составени од 5 членови".

Член 5

Членот 82 се менува и гласи:

**Советот за заштита на потрошувачите**

За разгледување на прашања и утврдување на предлози за заштита на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него може да се формира Совет за заштита на потрошувачите.

Советот за заштита на потрошувачите е составен од 7 членови од кои 3 члена од редот на правни лица и 4 члена од редот на физички лица, како корисници на услуги од јавните служби.

Членовите на Советот за заштита на потрошувачите, Советот на општината ги избира на предлог на Комисијата на Мандатни прашања, избори и именување со мандат од 4 години.

Советот за заштита на потрошувачите ја прати состојбата со квалитетот на услугите што ги даваат јавните служби, дава мислење и предлози за подобрување на квалитетот на услугите, организира јавни трибини, соработува со јавните служби и општинската администрација.

Член 6

Членот 84 се менува и гласи "Обединувањето на работењето и унапредувањето на хоризонталната координација на Секторите го врши Градоначалникот на општината".

Член 7

Во членовите 139, 140, 141 и 142 секаде зборот Одборот се заменува со "Советот"

Член 8

Текстот на член 165 се брише,а додава нов текст кој гласи "Се овластува Статутарно правната комисија на Советот на општината Демир Хисар да утврди пречистен текст Статут на општина Демир Хисар.

Член 9

Во членот 166 во втората реченица зборот "локални" се брише.

Член 10

Статутарната одлука за измени и дополнување на Статутот на општината Демир Хисар влегува во сила 8 ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Хисар" и е составен дел на Статутот на општината Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02 година/.

Бр.07-182/4
10.06.2005 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
*Љубе Николовски с.р.*